ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА

Друштво за производство на топлинска енергија
ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ
Бр. 09-649/13
21.09 2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 23 став 10 од Законот за јавни набавки (Сл.Весник 24/19) ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје, објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК Бр.07-2026
## за прибирање на понуди за групна набавка на природен гас

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1 Договорни органи по Јавен повик бр.07-2026 се:

- ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул."Тодор Александров" бр. 6, Гази Баба, 1000 Скопје, EIC код 70X000000005EPTQ, носител на групна набавка и
- АД ЕСМ Подружница Енергетика Скопје, со седиште на ул. 16-та Македонска бригада бр.18 Скопје - Гази Баба, EIC код 33XADELEMSKOPJEI.

1.2 Предмет на набавка е **природен гас** со следните технички карактеристики:

**Хемиски состав, mol %**

| | |
|---|---|
| Метан (C1) | минимум 75 |
| Азот (N2) | максимум 6 |
| Јаглерод диоксид (CO2) | максимум 3 |

**Бруто (горна)калориска вредност**
Максимална 13,67 kWh/m3
Минимум 10,17 kWh/m3

**Вобе индекс**
Максимална 16,33 kWh/m3
Минимум 13,07 kWh/m3

**Точка на росење на водата**
Не повисока од минус 8 степени Целзиусови при притисок од 39,2barg

**Температура на природен гас**
од +0° C до +50° C

Горенаведените референтни услови за температура, притисок и влажност што треба да се користат за мерење и пресметки на природен гас се 273,15 K (=0 °C) и 101,325 kPa (=1,01325 бари (апсолутен)) за вистински сув гас.

1.3 Продавачот е должен да достави Сертификат за квалитет на природен гас на прекугранична излезна точка ГМС Ќустендил/ Жидилово најдоцна до 10 работни дена по завршување на месецот на испорака.

Ул."Тодор Александров" бр.6, Гази Баба - Скопје, Р.С.Македонија;
Поштенски.фах 285; тел.:+389 (0)2 55 14 140;
e-mail: esm-proizvodstvo@elem.com.mk

ECM
ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА

1.4 Период на набавката **<u>од 01.10.2026 (06:00 h CET) до 01.11.2026 (06:00 h CET)</u>**, во количини од:

Табела 1

| **Количини-MWh** | **Октомври (01.10-14.10.2026)** | **Октомври (15.10-31.10.2026)** |
|---|---|---|
| Минимална месечна количина за групна набавка | 0 | 8.500 |
| минимална дневна најава за групна набавка | 0 | 400 |
| максимална дневна најава за групна набавка | 800 | 1.900 |

*Бараните количини за периодот на испорака 01.10.2026 – 14.10.2026 година се со можност за еднодневни еднократни испораки, согласно наведениот ранг.

1.5 Купувачот авансно ги плаќа минималните месечни количини, во два сукцесивни периоди во текот на месецот.

1.6 Точка на испорака: главна мерна станица (ГМС) Жидилово.

1.7 Финансиско обезбедување на понудата: Понудувачот е должен да достави банкарска гаранција / депозит заедно со Понудата во висина од 23.000 ЕУР, во денарска противвредност пресметана по среден курс на НБРСМ на денот на уплатата доколку депозитот се уплаќа во денари.

1.7.1 Доказот за уплатен депозит се доставува заедно со Понудата.

1.7.2 Депозитот се уплаќа на следната банкарска сметка:

- налогопримач ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје
- 0270100425154 EUR, или 300000004864586 МКД
- депонент на Комерцијална банка АД Скопје
- IBAN MK07300701004251574 (EUR)
- SWIFT KOBSMK2X
- со назнака депозит за обезбедување на понуда по Јавен повик 07-2026.
- Во случај на уплата на депозит, банкарската провизија за трансфер на средствата е на товар на понудувачот.

1.7.3 Банкарската гаранција на понудата, треба да биде неотповиклива, безусловна, без право на приговор и наплатлива на прв повик.

1.7.4 Банкарската гаранција на понудата се доставува во електронска SWIFT форма заедно со Понудата.

1.7.5 Финансиското обезбедување на понудата е со важност до 28.09.2026 година и истото се враќа на Понудувачите најдоцна до 30.09.2026 година.

1.7.6 Финансиското обезбедување на понудата може да се наплати, односно трајно се задржуваат депонираните средства, доколку Понудувачот:

- ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност,
- не го потпише договорот или
- не обезбеди Банкарска гаранција или депозит за квалитетно извршување на договорот.

1.8 Понудата **не е делива**.

1.9 Повикот е јавен со право на учество на сите домашни и странски правни лица кои поседуваат валидни лиценци за трговија и снабдување со природен гас.

1.10 Рокот за доставување на првични понуди по Јавниот повик бр.07-2026 е на **24.09.2026 година**, во период **од 09:00 до 09:15 часот (CET)** на следниве е-маил адреси:

esm-proizvodstvo.prirodengas@elem.com.mk.

prirodengas@esm-proizvodstvo.mk

nominacijaproizvodstvo@gmail.com

## 2. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

2.1 Понудата се доставува на Образец бр.1 даден во прилог на Јавен повик бр.07-2026.

2.2 Изјава од одговорното лице на понудувачот дека во целост ги прифаќа условите од Јавниот повик 07-2026 и дека во цената се вкалкулирани сите царински давачки, такси и други дополнителни трошоци кои може да произлезат.

2.3 Со Понудата се доставува:

- Потпишан модел на договор
- Потврда за регистрирана дејност (образец ДРД) како доказ дека е регистриран како правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот по Јавниот повик 07-2026. Во случај Понудувачот да е правно лице регистрирано во друга земја, се прифаќа документ со иста намена кој го издава надлежен орган од земјата каде е регистриран понудувачот.
- Валидна лиценца за трговија или снабдување со природен гас согласно со прописите на земјата каде што понудувачот е регистриран.

2.4 Предмет на евалуација на понудите: **понудената маржа** изразена во апсолутна вредност ЕУР/MWh, изразена со 2 (две) децимални места.

2.5 Услови на плаќање: Купувачот ги плаќа минималните месечни количини на природен гас авансно, по доставена профактура од страна на продавачот. Плаќањето и доставувањето на профактурата ќе биде согласно датумот даден во табела бр.2:

Табела 2

| **Период** | **Датум на доставување/плаќање** |
|---|---|
| 15-31.10.2026 | 14.10.2026 |

2.6 Цената на природниот гас во профактурата се пресметува на следниов начин:

$$C_p = C_{TTF} + \text{маржа изразена во апсолутна вредност ЕУР/MWh}$$

$C_p$ – цена во профактурата по која економскиот оператор го продава природниот гас на купувачот
$C_{TTF}$ – цена на Dutch TTF достапна на денот на издавање на профактурата

Како цена на Dutch TTF се зема цената од следниов линк:

https://www.eex.com/en/market-data/market-data-hub

Со следниве опции во менито “advanced search”:

Commodity: Natural gas

Pricing: Spot

Area: TTF

Product: DA (day ahead)

Се следи цената во менито **table** за соодветниот ден на тргување (trading day).

Напомени:

- Цената од соодветниот ден на тргување (trading day) се однесува на денот на испорака (delivery day)
- За деновите кога нема податоци за одредување на дневна цена, ќе се земе предвид последно достапната цена од ден на тргување (trading day).

2.7 Износот во профактурата ($I_p$) претставува производ од минималната количина за периодот ($K_p$) и цената ($C_p$):

$$I_p = K_p * C_p$$

Ул."Тодор Александров" бр.6, Гази Баба - Скопје, Р.С.Македонија;
Поштенски.фах 285; тел.:+389 (0)2 55 14 140;
e-mail: esm-proizvodstvo@elem.com.mk

Минималната количина за периодот (Кр) преставува количник од минималната месечна количина поделена со бројот на денови во соодветниот месец помножено со бројот на денови во периодот за кој се издава профактурата:

$$K_p = (K / n_m) * n_p$$

**K** – минимална месечна количина

**$K_p$** – минимална количина за периодот

**$n_m$** – број на денови во месецот

**$n_p$** – број на денови за периодот

2.8 Продавачот се обврзува во рок од 10 дена по истекот на месецот да достави конечни фактури поединечно до секоја Договорна страна, заедно со пресметка за потврдените номинации на природен гас и цена на природен гас.

2.9 Износот на конечната фактура ќе претставува сума од производот на номинираната количина на природен гас за соодветниот ден ($K_n$) и цената на природниот гас за соодветниот ден ($C_n$) зголемена за маржата, и се пресметува по следнава формула:

$$I = \sum_{n=1}^{n}[(\mathrm{Kn} * (Cn + Маржа)]$$

каде што:

I – вкупен износ на конечната фактура

n – број на денови во месецот

$K_n$ – номинирани количини за денот n

$C_n$ – цена на Dutch TTF берза на денот n (се определува од линкот и на начин опишан во Точка 2.6).

2.10 Во случај на позитивна разлика помеѓу потврдените месечни номинации и платените минимални количини, финансиското порамнување ќе се изврши во конечната фактура за соодветниот месец.

2.11 Во случај на негативна разлика помеѓу потврдените месечни номинации и платените минимални количини, за непреземените количини до нивото на минимална месечна количина финансиското порамнување ќе се изврши во конечната фактура за соодветниот месец, при што повеќе платениот износ му се враќа на Купувачот, најдоцна до 21–ви во тековниот месец за претходниот месец.

2.12 Пресметката на денарската противвредност_на профактурата и конечната фактура ќе се врши по средниот курс на НБРСМ на датумот на издавање на профактурата/ конечната фактура.

Ул."Тодор Александров" бр.6, Гази Баба - Скопје, Р.С.Македонија;
Поштенски.фах 285; тел.:+389 (0)2 55 14 140;
e-mail: esm-proizvodstvo@elem.com.mk

2.13 Финансиско обезбедување за квалитетно извршување на договорот: Продавачот е должен најдоцна до 25.09.2026 година, до 12:00 h CET, да достави банкарска гаранција / депозит за квалитетно извршување на сите обврски од двата поединечни договори за купопродажба на природен гас со ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје и АД ЕСМ Подружница Енергетика Скопје, кои произлегуваат од групната набавка согласно Јавниот Повик 07-2026 со важност од 01.10.2026 до 20.11.2026 година, на износ од 400.000 ЕУР, во денарска противвредност пресметана по среден курс на НБРСМ на денот на вршење на плаќањето доколку депозитот се уплаќа во денари. Во случај на уплата на депозит, банкарската провизија за трансфер на средствата е на товар на понудувачот.

2.13.1 Доколку Понудувачот не достави банкарска гаранција/ депозит за квалитетно извршување на договорот до 25.09.2026, до 12:00 часот CET, Купувачот ќе ја реализира банкарската гаранција на Понудата, односно нема да го врати депозитот кој служи за обезбедување на Понудата, ќе го раскине Договорот за купопродажба на природен гас и нема обврска да ги плати преземените/ испорачаните количини на природен гас.

2.13.2 Банкарската гаранција, треба да биде неотповиклива, безусловна, без право на приговор и наплатлива на прв повик.

2.13.3 Финансиското обезбедување за квалитетно извршување на договорот се враќа на Понудувачот најдоцна до 24.11.2026.

2.13.4 Финансиското обезбедување за квалитетно извршување на договорот ќе се наплати доколку Понудувачот не се придржува на условите од Договорот за купопродажба на природен гас.

2.14 Динамика на доставување на дневни номинации за потребни количини на природен гас: Д-1.

2.15 Понудувачите ќе ги сносат сите трошоци поврзани со подготовката и доставувањето на нивната понуда и Купувачот во ниеден случај нема да биде одговорен или должен за овие трошоци.

Ул."Тодор Александров" бр.6, Гази Баба - Скопје, Р.С.Македонија;
Поштенски.фах 285; тел.:+389 (0)2 55 14 140;
e-mail: esm-proizvodstvo@elem.com.mk

ЕСМ
ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА

## 3. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

3.1 Понудите се доставуваат на еден од следниве начини:

- Скенирани оригинали, заверени со печат и потпис од одговорното лице на компанијата на следниве е-маил адреси:

  esm-proizvodstvo.prirodengas@elem.com.mk

  prirodengas@esm-proizvodstvo.mk

  nominacijaproizvodstvo@gmail.com

- Електронски потпишани понуда и документи од овластено лице на компанијата на следниве е-маил адреси:

  esm-proizvodstvo.prirodengas@elem.com.mk

  prirodengas@esm-proizvodstvo.mk

  nominacijaproizvodstvo@gmail.com

## 4. ПОСТАПКА ЗА ОТВАРАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ

4.1. Постапката за прием, отворање и евалуација на понудите ќе се одвива во 3 (три) круга:

- Првична понуда
- Подобрена понуда
- Конечна понуда

4.2. Првична понуда: доставување на ***24.09.2026 во период од 09:00 до 09:15 h (CET)*** на следниве електронски адреси:

esm-proizvodstvo.prirodengas@elem.com.mk

prirodengas@esm-proizvodstvo.mk

nominacijaproizvodstvo@gmail.com

4.3. Подобрена понуда: доставување на ***24.09.2026 во период од 09:30 до 09:45 h (CET)*** на следниве електронски адреси:

esm-proizvodstvo.prirodengas@elem.com.mk

prirodengas@esm-proizvodstvo.mk

nominacijaproizvodstvo@gmail.com

4.4. Конечна понуда: доставување на ***24.09.2026 во период од 10:00 до 10:15 h (CET)*** на следниве електронски адреси:

esm-proizvodstvo.prirodengas@elem.com.mk

prirodengas@esm-proizvodstvo.mk

nominacijaproizvodstvo@gmail.com

ЕСМ
ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА

4.5. Важност на понудата: понудата треба да е со важност најмалку до 28.09.2026 до 12:00 часот (CET).

4.6. Известување за избор на најповолна понуда до понудувачите кои учествувале на Јавниот повик бр.07-2026 ќе се достави најдоцна до 24.09.2026 до 15:00 часот (CET).

4.7. Потпишување на договор (модел на договор даден во прилог на Јавниот повик 07-2026) најдоцна до 25.09.2026 до 10:00 часот (CET).

4.8. Доколку се појават понуди со исти цени, ќе биде избрана понудата на економскиот оператор кој прв ја доставил понудата.

4.9. Во случај на неможност да се склучи договор со понудувачот со прворангирана понуда, се избира второрангираната понуда која ги исполнува условите наведени во овој Јавен повик.

4.10. ЕСМ Производство на Топлина ДООЕЛ Скопје го задржува правото да ја поништи постапката и да не изврши избор по Јавен повик бр.07-2026.

4.11. Понудувачите имаат право на увид во Извештај од евалуација на понуди по Јавен повик 07-2026 за набавка на природен гас.

За сите прашања во врска со Јавниот повик бр. 07-2026 може да се обратите на следниве електронски адреси:

esm-proizvodstvo.prirodengas@elem.com.mk .

prirodengas@esm-proizvodstvo.mk

nominacijaproizvodstvo@gmail.com

**ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје**

**УПРАВИТЕЛ**

Друштво за производство на топлинска енергија ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ

**ЃОРЃИ КАРАЛИЕВ**

Ул."Тодор Александров" бр.6, Гази Баба - Скопје, Р.С.Македонија;
Поштенски.фах 285; тел.:+389 (0)2 55 14 140;
e-mail: esm-proizvodstvo@elem.com.mk